РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12 - 2094/1
01.06 г./v. 2020

Врз основа на член 22 став 1 и став 7 и член 23 став 1 и став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 30 -та седница, на продолжението одржано на ден 21 Мај 2020 година, донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријавата бр. 12-2151/1 од 01.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител – физичко лице, а со која се изразуваат наводи и сомневања за злоупотреба на службената положба и овластувањата при именување на ---------------- службеник на раководна позиција, од страна на -------------------- службеното лице --------------- ---------, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2151 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-2151/1 од 01.04.2019 година.

Предметот со број 12-2151 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-2151 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2151/1 од 01.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител – физичко лице, со познати адресни податоци.

Пријавата содржи наводи и сомневања за злоупотреба на службената положба и овластувањата, против службеното лице ------------------ - ------------- на ---------------------, поврзно со незаконито именување на ------------------ службеник на раководна позиција, - ------------------------ -------------------------------------. За предметното именување се наведува дека е истото извршено со договор и без распишување/објава на интерен оглас, како и дека на посочената позиција е именувано лицето -------------------------- која не ги исполнува условите пропишани со Законот -------------------- -----------, а како прилог документација кон пријавата е доставена копија од наведениот Закон. Други релевантни податоци и документација не се доставени.

При постапувањето по предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителот, како е погоре наведено, а напоредно со тоа изврши и соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Имено, заради целосно утврдување на фактичката состојба во предметниот пријавен случај Државната комисија презема процесни дејствија - достава на барање заради прибавување на податоци, информации и документација од ------------------------ од аспект на прашањата за тоа дали лицето -------------------------- претходно била и/или дали е во моментот вработена во ------------------, на кој начин и во која постапка за вработување/именување ова лице е именувано на позицијата ------- ------------------, како и дали истото ги исполнува условите предвидени за работното место во звањето на кое е именувано.

Последователно, Државната комисија ја ценеше содржината на доставениот писмен одговор со образложение, потпишан од ------------------------, кон кој не се доставени бараните податоци, информации и документација, меѓутоа со истиот Државната комисија се известува дека во евиденцијата на вработени лица во ---------------------не постои/не евидира лицето --------------------- , како и дека согласно Правилникот за систематизација на работните места во -------------------------- нема, односно не е предвидено работно место -------------------------------. Во отсуство на доставен акт -- Правилник за систематизација на работните места во ----------------------, со преглед на веб страницата на ----------------------- на која е објавен Правилник за систематизација на работните места во -------------------- донесен на ден ------------- година, со измени и дополнувања, може да се констатира дека работно место во звање ---------------------------------- во истиот не постои.

Врз основа на сите околности на предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека наводите од пријавата не се потврдуваат.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 21 Мај 2020 година под бр. 12-2094/1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

Доставено до:
- Архива
- Подносител

По Заклучок на ДКСК
Изработил Христина Мишевска, Советник
Одобрил Нури Бајрами, член на ДКСК